РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 08-343
26.12.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известувањата за престанување со емитување на радио програма од Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ, наш арх.бр.08-3937/1 од 26.09.2024 г. и наш арх.бр.08-4582/1 од 07.11.2024 г., Изјавата, број УЗП 3641/2024 од 11.12.2024 г. (наш арх.бр.08-4582/3 од 13.12.2024 г.) од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот и Заклучокот арх.бр.02-5193/16 од 26.12.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 46-та седница одржана на 25.12.2024 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**Образложение**

Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ, е имател на дозвола за радио емитување, Уп1 бр.08-126 од 07.09.2023 г., кој емитува програма преку терестријален предавател, на локално ниво за подрачјето на Општина Струга, програмски сервис говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански јазик.

На 26.09.2024 г., Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување (наш арх.бр.08-3937/1) дека Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ ќе престане да ја врши дејноста односно да емитува радио програма. По повод цитираното Известување, Агенцијата на 27.09.2024 г. со Допис наш арх.бр.08-3937/2, го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) потребно е да достави изјава заверена на нотар од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, во која задолжително треба да биде наведено дека радиодифузерот Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ, престанува со емитување на радио програма, со наведување на точен датум на престанок со емитување на радио програма.

На 07.11.2024 г., радиодифузерот повторно достави Известување (наш арх.бр.08-4582/1) дека на ден 30.08.2024 г. Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ престанало со емитување на радио програма како и извести дека ќе се започне со постапка за ликвидација или стечај на друштвото. Воедно, единствениот основач/сопственик на радиодифузерот постави прашање околу начинот и формата на заверка на изјавата за престанок со емитување на радио програма. За наведеното, Агенцијата му испрати Известување (наш арх.бр.08-4582/2 од 08.11.2024 г.,) дека изјавата може да се завери на нотар во државата на престој, при што треба да се обезбеди нејзина заверка со печат „апостил” од

надлежен орган како и превод од овластен судски преведувач, или пак изјавата дадена на македонски јазик да се завери во амбасадата на Република Северна Македонија. Воедно, радиодифузерот беше известен дека со доставување на бараната изјава заверена на нотар ќе бидат исполнети законските услови, Агенцијата да донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери - Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ.

На 13.12.2024 г. до Агенцијата од Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ, беше доставена Изјава број УЗП 3641/2024 од 11.12.2024 г. заверена на нотар (наш арх.бр.08-4582/3 од 13.12.2024 г.), од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот – Енди Бектеши, дека Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ од 30.08.2024 г. престана со емитување на радио програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ, дозволата за радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираната писмена Изјава од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, исполнети се законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., Известувањата за престанување со емитување на радио програма од Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ, наш арх.бр.08-3937/1 од 26.09.2024 г. и наш арх.бр.08-4582/1 од 07.11.2024 г., Изјавата, број УЗП 3641/2024 од 11.12.2024 г. (наш арх.бр.08-4582/3 од 13.12.2024 г.) од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот и Заклучокот арх.бр.02-5193/16 од 26.12.2024 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

______________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ;
- Управителот на Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.